**20091533267**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 92 став 2 и член 119 од Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/08), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 20.11.2009 година, донесе

# ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАВЕРКА НА ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТИ ЗА ИЗВРШЕНИ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ЗА ЗАВЕРКА НА КОПИИ ОД КАТАСТАРСКИ ПЛАН

Член 1

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени и за заверка на копии од катастарски план издадени од страна на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

Член 2

За заверка на геодетските елаборати за парцелација на градежното земјиште во постапката за реализација на урбанистичките планови и за заверка на геодетски елаборати за физичка делба се наплаќа надоместок за:

| Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|
| една новоформирана парцела | 50 ден. |

Член 3

За заверка на геодетски елаборати од геодетски мерења за спроведување на промени на имотно-правните односи на земјиштето во постапката на експропријација и приватизација на градежно земјиште се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|
| 1. | линиски објекти по еден км | 250 ден. |
| 2. | површински објекти по еден ха | 70 ден. |

Член 4

Се наплаќа паушален надоместок од 100 денари за заверка на еден геодетски елаборат за други намени.

Член 5

За заверка на копија од катастарски план се наплаќа надоместок за:

| Ред. бр. | Единица мерка | Висина на надоместок |
|---|---|---|
| 1. | една катастарска парцела | 50 ден. |
| 2. | сите катастарски парцели содржани на еден лист од  А4 формат | 500 ден. |
| 3. | сите катастарски парцели содржани на еден лист од  А3 формат | 800 ден. |

Член 6

Со денот на влегување во сила на овој тарифник, престанува да важи Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетски елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени (“Службен весник на Република Македонија” бр. 122/07 и 158/07).

Член 7

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-18266/1
20 ноември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Заменик претседател,
**Димитар Димовски,** с.р.